**20101422886**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 79 став (4) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10) министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР, КАКО И ПРИЧИНИТЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Предмет на правилникот

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и критериумите за избор, како и причините за престанок на вршењето на работата на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисија).

## II. НАЧИН НА ИЗБОР НА КОМИСИЈАТА

### Состав на Комисијата

Член 2

Девет члена на Комисијата се избираат на предлог на Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа и Агенцијата за млади и спорт.

Два члена на Комисијата се избираат преку јавен оглас на предлог на организациите регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации (во натамошниот текст: организации).

Органите на државната управа од став 1 и организациите од став 2 на овој член, предлагаат по еден член во Комисијата.

### Предлагање на членови на Комисијата

Член 3

Предлозите за членови на Комисијата се доставуваат до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Организациона единица за соработка со граѓански организации.

### Спроведување на постапка

Член 4

Постапката за предлагање на членови и јавниот оглас за избор на членови, ги спроведува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Организациона единица за соработка со граѓански организации.

**Постапка за предлагање и избор на членови**

Член 5

Предлозите за членови на Комисијата од органите на државната управа, се доставуваат на барање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Организациона единица за соработка со граѓански организации.

Јавниот оглас за избор на членови од организациите, го распишува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Организациона единица за соработка со граѓански организации.

Јавниот оглас за избор на членови од организациите, трае осум дена.

**Форма на предлозите**

Член 6

Предлозите за членови на Комисијата, органите на државната управа ги доставуваат во писмена форма.

Предлозите за избор на членови, организациите ги доставуваат во писмена форма кон која покрај писмените докази од член 7 од овој правилник, прилагаат и:

- биографија за кандидатот;
- мотивациско писмо од кандидатот;
- копие од последното решение за регистрација на организацијата (последни промени од уписот), или извадок од регистарот не постар од 30 дена; и
- референта листа на активности во развојот на граѓанскиот сектор.

**Критериуми за избор на членови**

Член 7

Кандидати за членови на Комисијата предложени од органите на државната управа, се лица вработени во органот со статус на раководни државни службеници.

Кандидатите за членови на Комисијата предложени од организациите, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат експертиза од областа на граѓанскиот сектор, особено од областа на правната и фискалната регулатива за здруженијата и фондациите (број на спроведени проекти како експерти, публикации, учество во работни групи); и
- да имаат познавање на националното законодавство поврзано со некоја од областите определени како дејности од јавен интерес во член 74 од Законот за здруженија и фондации.

III. ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈАТА

**Извештај за пријавени кандидати**

Член 8

По завршувањето на јавниот оглас, во рок од осум дена, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Организациона единица за соработка со граѓански организации изготвуваат извештај за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот оглас.

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Организациона единица за соработка со граѓански организации извештајот од став 1 на овој член, го објавува на својата веб-страна.

**Формирање на Комисијата**

Член 9

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Организациона единица за соработка со граѓански организации предложените кандидати од органите на државната управа и извештајот за бројот на пријавените организации со кандидатите кои ги исполнуваат условите за избор од јавниот оглас, ги доставува до Владата на Република Македонија, за формирање на Комисијата.

**Причини за престанок на вршење на работата**

Член 10

На претседателот и членовите на Комисијата им престанува вршењето на работата во Комисијата, ако:

- поднесат лично барање;
- неоправдано отсуствуваат од работата на Комисијата подолго од три месеци;
- настапи неспојливост на вршењето на работата или конфликт на интереси;
- работат спротивно на одредбите од Законот за здруженија и фондации и од Деловникот за работа на Комисијата; и
- поради истек на времето за кое се избрани.

На членовите на Комисијата предложени од органите на државната управа, покрај основите од став 1 на овој член, вршењето на работата во Комисијата им престанува и ако им престанал статусот на вработен во органот од кој се предложени.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Влегување во сила на правилникот**

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-2924/3
13 октомври 2010 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р.